


# БЕСМРТНОСТ НА ПОГЛЕДОТ

Сандра Котевска

# Бесмртност на погледот

Бог го создал светот,ноќно време,
За со соништата и со огледалата да му го направи
На човекот јасен неговиот одраз
Единствената трага на неговото постоење
(Борхес, 1960)

Поединецот, индивидуата е неповторливиот одраз во универзумот -човечката краткотрајна форма, особено на ликот кој е маска која се распаѓа со "пролетното краткотрајно зреење" зад која после се и на крајот од се се открива само едно -божественоста.
Самостојната изложба на Сандра Котевска се движи низ две суштествени нивоа.Идејното и визуелното.
Постојат очигледни паралели помеѓу визуелните акции и наративноста (опсесивноста) низ мислата за тајната на постоењето.Нејзиниот сликарски ракурс е во совршена симбиоза со филозофската и мисловна метрономска упорност:
- огледалото не рефлектира само објективен простор, туку "неоткриена земја од чии метафизички тајни, се назира неубедливоста и потполното неискуство на смртта, заробена во лавиринтот на овој трошен свет на реалното, наспроти одразите во огледалото каде што мултициплирањето на маската на животот се повторува со една квантна животна огледална бесконечност. ... ".
Секоја слика, кај неа има сопствена анатомија, секоја нејзина визура започнува како никогаш да не била насликана пред тоа, водени со една мисловна и чувствена страст, која навидум е со лесен замав и потез а во суштина сложен и слоевит.
Суштинското и есенцијалното обликување на просторот - без нарација или дообјаснување тие се како "едно поле што ги носи животот во други бескрајни предели - го носи и го преобликува во калеидоскопски преобразби до бескрај повторувани во суштинскиот вечен момент - бесмртноста на погледот...."

Нејзиното сликарство постојано инсистира, пред се, за длабока мисловна јасност, со непредвидливи метафорични рефлексии, изненадувања, комбинација на експресивност, остроумност и спонтаност.Низ скоро сите дела на изложбата, пулсира одредена универзална симболика со своја внатрешна хронологија, со јасно фиксно значење,пренесувајќи го гледачот во своевиден бестелесен омнибус ,според концептот Diller Scofidio + Renfro што е своевиден премин кон другата паралелна стварност, видена низ една потресна леќа, со што севкупноста на описната ликовна тенденција, се растопува во порозност и нејасност наспроти податливата и цврста композиција избрусана според принципите на Спиноза.Тоа не се дела - слики кој имаат единствена претензија да бидат вешто составени - колористички и структурно - тоа се пред се своевидни сентенци во една авторска Енциклопедија на референци за суштината на сликарството, животот и реалитетот на смртта, наспроти трагите на ликовите... Ова е своевиден сликовен арсенал, за оправданоста, исклучителната

оправданост и потреба денес да се создава и да се преобликува светот како можеби единствена, последна надеж.
Во текот на своето, не толку долго, творечко сообразување, Сандра Котевска, развила, специфична историја на користење на човечки фигури за да ја искаже својата субјективна внатрешна егзистенцијалистичка реалност.Фокусирана врз универзалната трауматизираност, отуѓувањето и вознемиреноста, дуалистички се спротиставува со смиреност,со истражувачка сетилна перцепција, и супрематистички мисловен процес .Преку заробените портретни или телесни движења, таа открива една внатрешна картографијата која кружи околу варијациите на човековата специфична планетарност и ѕвезден проблесок, мигновен и таинствено регистриран.. .ликот, погледот,телото во просторот и границите на секојдневната реалност пред влезот на медитативното траење и дефинитивна фактографија за трајното опстојување. Тоа се дела - слики како Карта или атлас за нејзиниот внатрешен простор, откривајќи ја физичката димензија на психичкото.
Сандра Котевска, успева преку оваа своја самостојна изложба , да изврши своевидна специфична авторска ревизија во ликовноста, преку користење на сопствената минималистичка традиција, при тоа успешно, убедливо и крајно индивидуално користи техника со која ефикасно ги нарушува типичните параметри на просторот и времето.Тоа не е истражување, туку вистинско патување низ ликовна трансцеденција и спиритуалност, во која човекот, неговиот простор и време добиваат не само оправданост туку и достоинство, убавина и акцентирана емотивна спектралност паралелна на севкупната спектрограмска колористичност на ѕвездениот простор кој се сублимира во човековиот микрокосмос и неговиот духовен макрокосмос.
Сандра Котевска, користејќи го својот изграден ликовен стил, кој што сигурно ќе се преобразува низ нејзиниот творечки временски дневник, успева доста успешно и убедливо да не воведе во еден зрел, мисловен, филозофски и метафизички јазик, која само ни докажува и не воведува во еден свет што најверојатно ќе трае со својата убедливост, фактографија и силна емотивна и чувствена безвременост..

Д-р Фанче Јошевска
Владо Ѓорески



“ Епием ”

Масло на лесонит

94 x 74 cm

2014

Сандра Котевска



“ Кристали на солзата I ”
Масло на платно
180 x 120 cm
2016

Сандра Котевска



“ Огледални наслаги II ”

Масло на платно

80 x 80 cm

2016

Сандра Котевска



“ Траги од сенките II ”

Масло на лесонит

86 x 65.5 cm

2014

Сандра Котевска



“ Соочување II ”
Масло на платно
75 x 75 cm
2015

Сандра Котевска



“ Калеидоскопски омнибуси II ”

Масло на лесонит

56 x 55 cm

2014

Сандра Котевска



“ Пенелопа II ”

Масло на платно

75 x 75 cm

2014

Сандра Котевска



“ Огледални наслаги III ”

Масло на платно

40 x 40 cm

2016

Сандра Котевска



“ Пенелопа III ”

Масло на платно

75 x 75 cm

2016

Сандра Котевска



“ Калеидоскопски омнибуси I ”

Масло на платно

75 x 75 cm

2015

Сандра Котевска



“ Пенелопа IV ”

Масло на платно

75 x 75 cm

2016

Сандра Котевска



" Лузни "

Масло на платно

80 x 60 cm

2016

Сандра Котевска



“ Заедно а сами ”

Масло на платно

110 x 80 cm

2014

Сандра Котевска



“ Адам и Ева ”

Масло на платно

94 x 74 cm

2014

Сандра Котевска



“ Калеидоскопски омнибуси III ”

Масло на платно

65 x 65 cm

2015

Сандра Котевска



“ Play ”

Масло на платно

86 x 66 cm

2016

Сандра Котевска



" Кукла "
Масло на платно
40 x 40 cm
2012

Сандра Котевска



“ Огледални наслаги I ”

Масло на платно

79 x 59 cm

2014

Сандра Котевска



“ Кристали на солзата II ”

Масло на платно

180 x 120 cm

2016

Сандра Котевска



“ Молк ”

Масло на платно

76 x 76 cm

2016

Сандра Котевска



“ Распарчен сон ”

Масло на платно

90 x 60 cm

2016

Сандра Котевска



# “ Траги од сенките IV ”

Масло на платно

40 x 40 cm

2016

Сандра Котевска



" Соочување I "

Масло на платно

119 x 96 cm

2014

Сандра Котевска



“ Бесмртност на погледот ”

Масло на платно

40 x 40 cm

2016

Сандра Котевска



“ Алхемија на меланхолијата ”

Масло на платно

80 x 60 cm

2009

Сандра Котевска


Sandra '13

" Пенелопа I "
Масло на платно
60 x 20 cm
2013

Сандра Котевска



" Траги од сенките III "

Масло на платно

110 x 110 cm

2014

Сандра Котевска



“ Траги од сенките I ”

Масло на лесонит

83 x 60 cm

2014

Сандра Котевска



“ Пат ”

Масло на дрвен носач

48 x 31 cm

2014

Сандра Котевска



" Тајна "

Масло на платно

51 x 41 cm

2016

Сандра Котевска




**Издавач:**
Центар за култура
Битола

НУ Центар за култура
Битола

**За издавачот:**
Борче Димитровски

**Дизајн:**
Сандра Котевска
sandrakotevska@gmail.com

**Печати:**
Графо Пром - Битола, 2016

**Финансирана од:**
Министерство за култура
на Република Македонија

Министерство за култура
на Република Македонија